**Уп. бр. 08-79/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Мосбургер ГмбХ, друштво со ограничена одговорност од Австрија со седиште на ул.Кецергасе 112, 1230 Виена, Австрија доставено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 10.06.2026 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која  Мосбургер ГмбХ, со седиште на ул.Кецергасе 112, 1230 Виена, Австрија ќе стекне единствена контрола врз Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг со седиште на Лајнингер Штрасе 76, 67269 Гринштат, Германија и Гастер Велпапе ГмбХ со седиште на Курпфалцринг 109-113, 69123 Хајделберг, Германија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 30.04.2026 година а дополнето на ден 12.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Мосбургер ГмбХ, со седиште на Кецергасе 112, 1230 Виена, Австрија, со која Мосбургер ГмбХ, ќе стекне единствена контрола врз Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг

со седиште на Лајнингер Штрасе 76, 67269 Гринштат, Германија и Гастер Велпапе ГмбХ со седиште на Курпфалцринг 109-113, 69123 Хајделберг, Германија.

Комисијата започна со испитување на известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Мосбургер ГмбХ е со главна дејност производство и продажба на брановиден картон и производи од брановидна амбалажа. Мосбургер ГмбХ е дел од Принцхорн Групацијата, групација на друштва крајно контролирана од членови на семејството

Принцхорн. Принцхорн Групацијата нема физичко присуство во Северна Македонија, но нејзината дивизија за контејнерборд и нејзината дивизија за пакување продаваат производи во Северна Македонија во одреден обем. Принцхорн Групацијата е активна во Република Северна Македонија преку продажба на брановидни плочи и кутии (брановидна амбалажа). Принцхорн Групацијата нема поврзани субјекти во Република Северна Македонија.

Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг е со главна дејност управување со производствен капацитет за барновиден картон и производи од брановидна амбалажа.

Гастер Велпапе ГмбХ е со главна дејност производство на брановиден картон (вклучувајќи ролни од брановиден картон и тежок брановиден картон) и развој на висококвалитетни, приспособени решенија за пакување и во помал обем е активно и во областа на логистика и складирање.

Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг и Гастер Велпапе ГмбХ не се присутни и немаат никакви активности на територијата на Република Северна Македонија

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.
Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**